Веб страница

Ст.бр.3/2020

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Исмаил Елези, решавајќи по предлогот поднесен од управителот на должникот Горјанче Стефановски од Кичво,, ул.„Гоце Делчев„ број 50 за отварање на стечајна постапка на должникот Друштво за маркетинг, производство, трговија и услуги „Стефаноски Медија„ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево со седиште на ул. „Гоце Делчев„ бр. 50, на одржаното рочиште во присуство на полномошникот на должникот привремениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола денес на ден 04.03.2021 година го донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за маркетинг, производство, трговија и услуги „Стефаноски Медија„ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево со седиште на ул. „Гоце Делчев„ бр. 50, со ЕМБС-6789960 и ЕДБ-4012012507928 е основано на 25.05.2012 година, приходна шифра 73.11-Агенција за маркетинг, со трансакциска сметка во Охридска банка АД Скопје, со број 530110101504123, стечајната постапка се отвара, не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РСМ, РРК-Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението банките: Шпаркасе банка АД Скопје; Уни банка АД Скопје, да ги згаснат трансакционите сметки на должникот, а доколку има средства на нив истите да ги префрлат на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 04.03.2021 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, бидејќи на должникот му претстои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

СНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ. бр. 2/2020 од 04.03.2021 година.

Стечаен судија,
Исмаил Елези с.р.

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот – доверителот, Должникот, Привремениот стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ, РРК-Гостивар, Шпаркасе банка АД Скопје; Комерцијална банка АД Скопје и Прокредит банка АД Скопје.